Врз основа на член 36 став (6) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), член 36 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и третата седница одржана на 28 јануари 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 12, БЛОК 02 - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) ЗА ГП 2.1

### Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1.

(2) Предлогот за Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, во целост е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) како и други важечки прописи и нормативи од областа на урбанистичкото планирање.

### Член 2

(1) Во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје донесен со Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година, евидентирана е неусогласеност во планската документација, за формираната градежна парцела со број 2.1, неточно е исчитана површината на градежна парцела, односно исцртаната површина на градежна парцела која изнесува 5.834 м² согласно графичкиот дел, во табелите за нумерички податоци е внесена како 5.704 м².

(2) Следствено на оваа неусогласеност, во табелите од нумеричкиот дел кои дефинираат вкупни податоци на ниво на блок, се јавува неусогласеност во збирните параметри за површина на намената Е 1.6 - канализациски инфраструктури: пречистителна станица.

### Член 3

Предлогот за Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, со Тех.бр. 0801-05-04/21/ТИ-2 од 01/2025 година, изготвен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**

Насловна страна

Податоци за изработувачот

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

Известување бр.28-3/4619 од 04.12.2024 година

ИЗВОД ОД ДУП

**ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА**

- Вовед
- Планирана состојба според усвоена планска документација
- Техничка исправка

**Прилози:**

- Планска документација - текстуален и нумерички дел според план
- Регулационен план, план на намена на земјиштето и градбите, план на површини за градење и план на зеленило според план
- Синтезен план според план
- Планска документација - текстуален и нумерички дел според план
- Регулационен план, план на намена на земјиштето и градбите, план на површини за градење и план на зеленило според техничка исправка
- Синтезен план според техничка исправка.

**Член 4**

Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром-Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на техничката исправка.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Техничка исправка во ДУП за градска четврт СИ 12, Блок 02 - Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје (Одлука бр.09-2312/7 од 30.04.2024 година) за ГП 2.1, е должен примерок од донесената Техничка исправка во електронска форма да ја објави на својата веб страна.

**Член 6**

Техничката исправка е составен дел на Деталниот урбанистички план, кој се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за кој што важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-351/17**
**од 28 јануари 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**